Прилог бр.1

ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНИ НА
ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

1. **Член 39 од Предлогот**

   Во став 1 од член 69-а **по зборот „плакати“ се додаваат зборовите „видео презентации на јавни места“**.

   За време на изборите во 2009 година, во неколку градови во Македонија, во централните градски подрачја беа поставени по неколку видео бимови на кои се прикажуваа политички спотови на одредени организатори на изборна кампања.

2. **Член 41 од Предлогот**

   Во став 1 од член 75 **да се избришат зборовите „по претходно прибавено мислење од Државната изборна комисија“.**

   Единствено СРД како независно регулаторно тело е надлежен за дефинирање на правила за однесување на радиодифузерите. Сегашната формулација на овој став ја нарушува самостојноста на регулаторот. СРД секако мора да направи консултација со ДИК во поглед на календарот на нивните активности посебно во однос на роковите за потврдување на кандидатите, затоа што СРД треба да го следи изборното медиумско претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи, но ова се повеќе технички консултации, а во измената на членот пишува СРД претходно да прибави мислење од ДИК.

   Исто така, намерата на СРД кога ги предлагаше измените на овој член од Законикот беше да направи генерални Правилници што ќе важат за сите изборни процеси, што значи нема да се носат пред секој изборен процес.

   Во став 2 од член 75 **зборовите „распишување на изборите“ да се заменат со зборовите „на потврдување на кандидатите од надлежните изборни органи“.**

   Предложената измена кореспондира со измената на член 44 од Предлог Законикот, поради што упатуваме на таму даденото образложение.

3. **Член 42 од Предлогот**

   Во став 6 од член 75-а **зборовите „да обезбедат рамноправен пристап“ да се заменат со зборовите „да им понудат еднакви услови, односно еднакви цени и попусти“.**

   Рапноправниот пристап за платено политичко рекламирање подразбира на сите заинтересирани субјекти да им бидат понудени еднакви цени и еднакви попусти за рекламирање. На пример, рекламирањето во ударното време ќе има една цена која ќе биде иста за сите субјекти, а рекламирањето на пример, во утрински програми друга цена која пак ќе биде иста за сите субјекти. Секој субјект што ќе закупи одредено време

што ќе го определи радиодифузерот во своите правила треба да добие и еднаков попуст. Нормално, со оглед на тоа дека станува збор за ограничени рекламни минути, кој ќе се рекламира во ударното време, на пример, ќе зависи од принципот кој прв ќе се обрати кај радиодифузерот.

4. Член 43 од Предлогот

На член 76 да се додаде **нов став 5 кој ќе гласи: „Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање“.**

На Јавниот радиодифузен сервис веќе му е забрането да емитува политичко рекламирање со Законот за радиодифузната дејност и добро е ова да се потврди и во Изборниот законик во интерес на ефикасноста на регулаторот. Имено, доколку СРД го санкционира медиумот според Законот за радиодифузната дејност, треба прво да изрече писмена опомена, па потоа писмена опомена со барање за објавување, и ако не се отстранат повредите да покрене прекршочна постапка. Според Изборниот законик, СРД е должен веднаш по констатирањето на прекршувањето да покрене прекршочна постапка.

5. Член 44 од Предлогот

Во став 1 од член 76 - б **зборовите „распишувањето на изборите“ да се заменат со зборовите „потврдување на кандидиатите од надлежните изборни органи“.**

На овој начин ќе се создадат услови за поефективно постапување на Советот, со што ќе биде јасно дека неговите овластувања, во смисла на следење на изборното медиумско претставување и програмските сервиси на радиодифузерите во РМ се простираат во временската рамка од денот на *потврдување на кандидиатите од надлежните изборни органи до денот определен за започнување на изборната кампања.*

Едно вакво решение е во согласност со дефиницијата на изборната кампања во членот 39 од Предлог-Законикот, што значи дека од распишувањето на изборите до денот на потврдувањето на кандидатите ќе остане редовната можност за платено политичко рекламирање, дозволена во ЗРД.

6. Член 46 од Предлогот

Во член 83 од Законикот е постапено по предлогот на СРД да се избрише исклучокот за висината на донацијата од страна на радиодифузерите. Имено, според постојниот Изборен законик висината на донациите, паричните средства или вредноста на услугите дадени од правни лица е ограничена на 20. 000 евра во денарска противвредност, а исклучок се донациите во вид на попусти за политичко рекламирање дадени од радиодифузерите и печатените медиуми. Ова значеше дека донациите од медиумите можеа да бидат и повеќе од 20. 000 евра во денарска противвредност, што реално и се случи за време на изборните процеси во 2009 година.

Интенцијата на СРД со овој предлог беше да се спречи коруптивното однесување на медиумите поради нивните економски и политички врски со одредени политички субјекти. Меѓутоа во овој Предлог за изменување и дополнување на Изборниот законик е отидено подалеку и ограничувањето за средства во висина од 20. 000 евра во денарска противвредност од правните лица е заменето со средства во висина „до 5% од вкупниот

приход во претходната година“, што во зависност од тоа кој субјект ја дава донацијата е далеку поголема сума. На пример, за радиодифузер на национално ниво во 2009 година, 5% од приходот биле најмалку околу 79. 000 евра, а најмногу околу 450. 000 евра.

Со оглед на тоа дека оваа промена може да влијае како врз независноста на медиумите, така и врз конкуренцијата на пазарот, потребно е да се направи измената во член 83-а што СРД ја достави во својот предлог за измена на Законикот:

Во член 83-а се менува став (5) и тој гласи:

(5) Попустите во цените кои радиодифузерите и печатените медиуми ги даваат за платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност. Висината на оваа донација не смее да го надмине износот од 20.000,00 евра во денарска противвредност. Видовите донации утврдени во член 83-а став (1) алинеи 1 и 2 не важат за радиодифузерите и печатените медиуми.

Исто така, ***треба да се предвиди казна за радиодифузерите доколку ја надминат дозволената висина на донацијата (член 83-а став (5)) и за радиодифузерите и печатените медиуми доколку не достават финансиски извештаи за рекламниот простор искористен од организаторите на изборна кампања (член 85-а).***

7. Член 75 од Предлогот

Членот 178-а да се преформулира и тој да гласи:

*“**За прекршоците кои се предвидени со овој Изборен законик, се исклучува примената на одредбите од Законот за прекршоците со кои се предвидува спроведување постапка за порамнување пред поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.**“*

Образложение
Причините за наведениот предлог се:

1. *станува збор за специфични прекршувања сторени од страна на физички лица, правни лица (меѓу кои печатени и електронски медиуми, односно радиодифузери), одговорни лица кај правни лица и службени лица, кои можат да бидат сторени во релативно краток временски период кој го опфаќа периодот пред започнувањето на изборната кампања, самата изборна кампања (која трае 20 дена) и деновите на изборниот молк;*

2. *големиот број на субекти кои се вклучени во изборниот процес и кои потенцијално можат да ги прекршат одредбите од Изборниот законик, меѓу кои 148 радиодифузери, релативно голем број печатени медиуми и интернет портали, како и регистрирани политички партии;*

3. *иако во одредбите од Законот за прекршоци, на чија примена се упатува, е предвидено алтерантивно дека постапката за порамнување може да ја споведе или прекршочниот орган или судот, досегашното искуство покажува дека наведеното законско решение судовите го применуваат на начин кој е поповолен за нив, односно ја користат можноста да го вратат барањето за поведување прекршочна постапка на овластениот орган за поведување прекршочна постапка за тој да спроведе постапка за порамнување;*

4. *спроведувањето на постапката за порамнување дава можност за забавување на постапката за санкционирање во услови кога има потреба од итно постапување, бидејќи станува збор за прекршоци кои можат да влијаат на тековниот изборен процес, со што се доведува во прашање остварувањето на целите на казнувањето.*

8. Член 77 од Предлогот

Во став 1 алинеја 1 зборовите "**не ги почитува правилата од член 75 став (2) и (3) од овој закон**", треба да се замени со зборовите "**не ги почитува одредбите содржани во Правилниците од член 75 став (1) од овој закон**".

Станува збор за технички измени, со попрецизно определување на подзаконските акти чие непочитување се санкционира.

9. Член 78 од Предлогот

Во став 1 од член 182 да се додаде нова алинеја (1) која ќе гласи:
"емитува дополнително време за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма спротивно на член 75-а став (1) од овој закон";

Станува збор за пропишување казнена одредба за непочитување на ограничувањата за дополнителното време за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма предвидени во член 42 од овој Предлог-Закон.

Алинејата (1) станува алинеја (2).

Во став 1 алинеја 2 од член 182, која станува алинеја (3), **зборот „од" треба да се замени со зборот „пред", а зборовите „до завршувањето" треба да се избришат.** Алинејата треба да гласи: „не го објави ценовникот во периодот пред започнувањето на изборната кампања".

Алинејата (3) станува алинеја (4).

Алинејата (4) станува алинеја (5).

Во став 1 алинеја 5, која станува алинеја (6) од член 182, **зборовите „рамноправно претставување" треба да се заменат со зборовите „еднакви услови, односно еднакви цени и попусти".**

Во став 1 од член 182 да се додаде нова алинеја (1) која ќе гласи:
"емитува дополнително време за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма спротивно на член 75-а став (1) од овој закон";

Во став 1 од член 182 да се додаде нова алинеја (7) која ќе гласи:
"не ја почитува заабраната од член 84 а став 2 на овој закон".

Во овој дел упатуваме на образложението кое е дадено во точката 11 на овој материјал.

10. Член 79 од Предлогот

Алинеја 1 од став 1 на член 183 **треба да се преформулира и да гласи: „платеното политичко рекламирање не е соодветно и видливо означено и јасно одвоено од другите содржини“.**

Алинеја 3 од став 1 на член 183 **треба да се преформулира и да гласи: „ во платеното политичко рекламирање учествуваат малолетници“.**

Во ставот 1 на член 183 да се додаде нова алинеја (5), која ќе гласи: **“емитува платено политичко рекламирање спротивно на забраната од член 76 став (5) од овој закон**“.

Станува збор за измени согласно предлогот на Советот за радиодифузија за дополнување на 43 од Предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик.

11. Во Членот 84-а од важечкиот Изборен Законик, да се додаде нов став (2), кој ќе гласи: “Забраната наведена во став 1 на овој член, се однесува на радиодифузерите и на печатените медиуми“.

Станува збор за пропишување забрана за објавување на реклами финансирани од Буџетот на РМ, односно буџетите на општините и на градот Скопје од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите до денот на нивното завршување, која мора да ги опфати радиодифузерите и печатените медиуми, преку кои по правило се објавуваат овој вид реклами, а во услови кога правно не е можно прекршочно да се санкционира непочитувањето на наведената забрана од став 1 од страна на државните огранi и единиците на локалната самоуправа, заради исклучување на нивна прекршочна одговорност со одредбата од член 7 став 2 од Законот за прекршоците.

Совет за радиодифузија на РМ

еј/цм/сб